# МИСИОНСКИ
# СТИХОВИ

Евангелски активности
на верниците





ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2019

*Сабота, 5 јануари 2018*

**„Како ти што ме испрати мене..."**

**„Бога никој никогаш не Го видел; Единородниот СинБог, Кој е во прегратката на Таткото, Тој Го објави."** (Јован 17,18)

Бог го оставил небото и дошол на оваа Земја за да го најде и да го спаси она што е загубено. Тој ни издал налог им ние така да правиме. Мисионската работа не е парола или само програма, туку тоа е концепт базиран на Светото писмо. Тој ги опфаќа следните клучни зборови:

1. Налог од Господа Исуса Христа
2. Процес кој треба да се почитува
3. Единство, а тоа значи тимска работа
4. Разновидност на даровите
5. Итност, затоа што Исус ни доаѓа

Во нашата класа денес да разговараме заедно за точката број 4, за разновидноста на даровите; за даровите кои Бог ни ги дал за служба. Бидејќи ова е прва сабота во месецот кога нарачуваме литература, нека биде точка број еден:

1. Нарачување на литература: Во овие неколку минути да размениме искуства од нашата работа со литература. Искуството на оние кои работат со литература нека ги охрабри оние кои сѐ уште се двоумат дали да отпочнат со литерарна работа. Доколку е тоа некое убаво искуство, учителот или некој од класата, на пример водачот на групата, нека го раскаже во име на класата пред целата црква.

*Сабота, 12 јануари 2019*

**„...и Јас ве праќам вас...“**

**„А вечерта, на истиот прв ден на седмицата, додека вратата, каде беа собрани учениците, беше затворена поради страв од Јудејците, Исус дојде, застана насреде и им рече: ’Мир вам!’ Откако го рече тоа им ги покажа рацете и ребрата. И учениците се зарадуваа, кога Го видоа Господа. Тогаш Исус пак им рече: ’Мир вам! Како што Ме прати Таткото и Јас ве праќам!’ Кога им го кажа ова, дувна во нив и им рече: ’Примете Свети Дух! На кои ќе им ги простите гревовите - простени им се; на кои ќе им ги задржите - задржани им се!’“ (Јован 20, 19-23)**

Вратата била заклучена. Од внатрешната страна се наоѓала мала Црква која се состоела од преплашени луѓе. Тие очекувале да ги снајде истата судбина која го снашла и нивнот Учител. Непријателството ја одвело малата Црква во една мала соба. Сатаната донел цврста одлука да го спречи ширењето на Црквата и нејзиниот раст. Таа може да функционира само во просторијата. Сите врати биле заклучени.

**Црквата во страв**

Меѓутоа, Црквата мора да расте. Таа мора да се шири. Дошол и Учителот. Нему не му пречела заклучената врата. Тој е внатре во својата Црква. Тој стоел среде својата Црква. На преплашената црква Тој ѝ упатува зборови на утеха: „Мир вам!“ Тие зборови го содржеле потребниот благослов за Црквата. Но тој благослов не се добива со останување зад заклучена врата. Потребно е да се излезе надвор! Божјиот Син вели дека благословите доаѓаат со вклучување во работа! И само со Христова сила ние можеме да одиме напред.

Што всушност треба да работиме? Да разговараме за следното:

1. Во црквата мора да изградиме вистинска заедница, заедница не на хартија, туку на дело. Мора поставиме пред Црквата

став да биде пример пред овој свет. Топлата црква е црква која расте. „По тоа светот ќе увиди дека сте мои ученици ако имате љубов меѓу себе."

2. Ние сме добиле налог и мора да чувствуваме одговорност кон Оној кој ни го дал тој налог.

3. Треба да живееме како патници и гости на оваа земја, затоа што „нашето живеење е на Небото..."

4. Вредноста на царството да ја ставиме на прво место. Ние секогаш сме во служба на спасување на луѓето. Без оглед која служба ја извршуваме во црквата, треба да бидеме свесни дека сме повикани да ги спасуваме и оние кои се во црквата и оние кои се надвор од неа.

5. Вредноста на еден човек! Колкава е вредноста на нашиот ближен? Само во светлината на жртвата што Исус ја принел за нас можеме да ја процениме вредноста на нашите ближни. Секоја процедура, секоја структура, секоја институција или систем треба да бидат во служба на човекот. Исус тоа јасно го кажал: „Саботата е дадена заради човекот, а не човекот заради саботата."

6. Да се поистоветиме со сиромашните! На сиромашните треба да им се проповеда евангелието. Царството и сиромашните мора да се поврзат. „Како што Таткото ме испрати мене, и Јас ве праќам вас!"

*Сабота, 19 јануари 2019*

**„А Петар стана со единаесетмина..."**

**„А Петар стана, со Единаесетмината, и го поткрена гласот и им рече: 'Јудејци и сите вие, кои живеете во Ерусалим! Знајте го ова и послушајте ги моите зборови!'" (Дела 2,14)**

Учениците биле десет дена во горната соба. Исус им рекол да бидат заедно и да го чекаат ветувањето што им го дал Таткото. Го чекале излевањето на силата на Светиот Дух. Тоа бил семинар за растење на црквата. Што работеле на тој семинар? Тие ја проучувале Божјата пророчка реч. Тие се утврдувале врз основа на Писмата дека Исус е вистинскиот Месија, кој бил проречен. Се молеле и ги исповедале своите гревови еден на друг.

Настојувале да создадат вистинско заедништво. Тие биле свесни дека црквата може да расте само ако бидат едно во работата.

Светиот Дух дошол и тие излегле пред народот. Петар ја одржал прочуената проповед. Силата на Светиот Дух ги осведочила присутните – а резултат биле 3.000 крстени. Кога го читаме овој извештај го наоѓаме само Петар и чудото што го направил Бог преку Петровата проповед.

Меѓутоа, ајде да застанеме малку и повторно да го прочитаме уводниот текст. Петар не бил сам. Извештајот ни кажува: „Петар и единесетмина стоеја пред народот...“ Што би можел Петар да направи сам? Вистина е дека Петар зборувал храбро, но храброста на Петар можела да дојде од сознанието дека тој не е сам. Крај него биле единаесетмина. Можеби признавањето го добива Петар, но да размислуваме и за оние кои стоеле покрај него.

Можеби во црквата најистакната личност е проповедникот. Прповедникот е тој кој стои пред народот. Тој подготвува за крштавање. Тој пред црквата прима и крштава. И така сите гледаат што работи проповедникот. Меѓутоа, никој не ги забележува оние кои се зад проповедникот, а можеби моментално се наоѓаат зад завесата. Одборот на црквата стои крај својот проповедник. Целата црква треба да биде со својот проповедник. Во заедништвото се наоѓа нашата сила. Што може да направи сам еден проповедник? Многу малку! Меѓутоа, кога не е сам, кога крај него се одборот и црквата, тогаш се случуваат чуда.

**Прашања за разговор:**

1. Што очекуваш од твојот проповедник во мисионската работа?

2. Како одборот, црквата и ти како поединец можеш да му помогнеш на својот проповедник во мисионската работа?

*Сабота, 26 јануари 2019*

## „А секој ден Господ ги придодаваше оние кои се спасуваа“

**„Фалејќи Го Бога беа омилени кај сиот народ. А секој ден, Господ ги додаваше оние, кои се спасуваа“ (Дела 2, 47).**

Црквата е основана поради заедништво. Првите христијани не се нарекувале црква, туку друштво на „оние кои се спасуваат“. Никогаш не се испраќа еден војник во патрола. Секој од нас е посебно ранлив кога се повлекува од заедницата. Ѓаволот добро знае дека, кога личноста е сама, тешко може да му се спротвстави. Кога сме поврзани еден со друг, можеме и да згрешиме, но нема да подлегнеме пред нападите на сатаната. Непријателот ги напаѓа духот, душата и телото. Влегуваме во време на несигурности. Затоа Бог сака да бидеме цврсто поврзани едни со други. Ни најголемиот христијанин не смее да си го дозволи себеси тој луксуз да се одвои од останатите верници. Кога доаѓаат неволји, да се обратиме кон оние кои веќе поминале низ тие битки, кои биле искушани во такви борби.

Да ги замислиме Павле и Сила во затворот во Филиба. Биле тепани, фрлени во подрумот на една ќелија и оковани во синџири. Што би правел Павле без Сила? Можеби знаел да се обесхрабри како нас. Меѓутоа, тука бил Сила. Можеби поради него почнал и да пее, а можеби Сила почнал прв да пее. Ние не знаеме сѐ, но знаеме дека без оглед на нечистата ќелија, без оглед на раните по телото, без оглед што крвта течела, Павле и Сила

пееле. Пееле до полноќ. До тогаш се молеле. Кога би бил Павле сам, можеби би молчел, но покрај него бил Сила. На Павле му биле потребни и Сила и Марко и Тимотеј. Исус имал потреба од ученици – тој ги повикал во Гетсиманската градина и барал да бидат со Него и да се молат. Ние си требаме еден на друг. На проповедникот му требаат верниците. Верниците му требаат на проповедникот. Никој не може да биде сам. Во христијанскиот живот ние се соочуваме со бројни опасности. Затоа да побараме зедништво со Исуса, заедништво со верниците во црква. Ние си требаме едни на други.

Црквата ќе расте ако сите заедно имаме иста визија, визија да се доврши Божјето дело на оваа Земја. Да бидеме подготвени да вложиме најмногу во ваквото заедништво, ако треба и највисоката цена!

**Прашање за разговор:**

1. Како да се постигне ова заедништво и како да се одржува?

*Сабота, 2 февруари 2019*

## „Но кога е посеано, израснува...“

„И велеше: ’Со што да го споредиме Божјото Царство? Со каква парабола да го претставиме? Тоа е како синаповото зрно, што кога се сее во земјата, е помало од сите семиња на земјата; но кога е посеано, израснува и станува поголемо од сите зеленчуци и пушта големи гранки, така што небесните птици можат да се гнездат под неговата сенка’“ (Марко 4, 30-32).

Исус го споредил своето царство со синапово зрно. Иако тоа зрно е мало, во него се наоѓа никулец на животот. Никулецот расте според законот што го дал Бог.

Колку бргу растело тоа зрно? Неколку Галилејци, тоа зрно со животен никулец во себе, го однеле на своите соседи и во да-

лечните краеви на светот. Илјадници Евреи и многубошци се обратиле за кратко време. Многу свештеници се обратиле. Колку незначителна била мисијата на Павле и Сила кога дошле во Европа! Павле дошол во Рим окован. Тој стои во синџири пред Нерод. На своите тужители им го проповеда Христа. Многумина кај Ќесарот се одлучиле за Христа. Една мала заедница, составена од селани и рибари, стоела наспроти владејачкиот Рим. Темелите на паганскиот Рим биле поткопани и за неполни два и пол века многубожечката римска црква била срушена.

Синаповото зрно и понатаму се ширело. Погледнете ги реформаторите. Лутер во Вормс како стои наспроти царот, папата и кардиналите и храбро изјавува: „Овде стојам и не можам поинаку." Првиот мисионер Вилијам Kарej даваа идеа да се појде во паганскиот свет. Бара дозвола и потпора од одговорните во својата црква. Да го слушнеме одговорот: „Седнете, млад човеку, ако Бог сака да ги обрати незнабошците, тој тоа ќе го направи и без вашата и мојата помош." Да се сетиме на почетокот на адвентистичкото движење! Кои биле Јаков Вајт и Елена Вајт? Какви биле првите пионери на адвентистичкото движење? Колкумина мажи и жени биле?

Синаповото зрно допрело и до нашите краишта, во нашата земја. Да застанеме овде и да го погледаме почетокот на адвентната вест во нашата црква и во нашите краишта.

**Раговарајте за ова:**

1. Каков бил почетокот?
2. Какви луѓе и жени биле оние кои први се обратиле?

Денес постои големо дрво. Исусовата пророчка реч се исполнила. Имаме голема издавачка дејност, голем број молитвени домови, Дописна библиска школа, Радио-дело, Факултет во Белград. Денес можеме да им сведочиме на своите ближни за потполна слобода, да држиме евангелизации и надвор од мо-

литвените домови во јавни сали. Зрното синапово израснало во големо дрво. Ние сме носители на тоа семе. Ти, брате, и ти, сестро, драг пријателе, драго дете, имаш синапово семе во својата рака кое треба да го посееш таму каде што сè уште не е посеано. Како делува тоа? Најпрво се кажува збор, ќе се продаде или подари една книга, ќе се упати повик за проучување на Библијата. Еден зрак ја осветлува душата, душата прима едно влијание. Ние често не сме ни свесни дека тоа е еден почеток на нов живот. Кој е во состојба да ги измери последиците кога работник ќе му проговори на работник, чиновник на чиновник, заболекар на заболекар, лекар на лекар, грешник на грешник?

Црквата мора да расте. Синаповото семе ги шири своите гранки сè повеќе и повеќе. Да не бидеме само пасивни гледачи. Да се вклучиме и да работиме, а резултатите да му ги препуштиме на Бога!

*Сабота, 9 февруари 2019*

**Во отсуство на небесна порака...**

**„Каде нема откровение пророчко народот се разуздува, а кој го пази Законот е блажен!“ (Мудри изреки Соломонови 29,18)**

Често слушаме за зборовите „откровение“, „небесни пораки“ или „визии“. Што е тоа визија? Тоа е способност на гледање во иднината. Сите ние ја имаме таа способност, иако не сме во буквална смисла пророци и немаме пророчка визија. Во иднината можеме да гледаме и двострано: можеме да ја видиме светлата страна, а исто така и темната страна на иднината. Можеме да го гледаме успехот и неуспехот. Визијата нас нè поттикнува да направиме ризичен чекор. Тој чекор го прави земјоделецот, занаетчијата, студентот, планинарот. Без ризик нема успех.

Библијата вели: „Фрли го својот леб во водата и ќе го најдеш после многу време...“ Ризичен чекор направиле патријархот Ное, Аврам, Мојсие, Исус Христос!

Исус пред себе имал, како и другите спомнати личности, ВИЗИЈА за успехот на жртвата и трудот.

Исус имал визија за растење на својата Црква. Иако почнал со помал број на луѓе, Тој гледал во конечната победа на Црквата и во големиот народ спасени во Неговото царство.

Пионерите на адвентистичкото движење биле мажи и жени со визија.

Визија ни треба и нам денес. Без визија „народот се разуздува“ (Мудри изреки 29,18).

Да читаме во Делата апостолски 2,17-21: „’Во последните денови’ - вели Господ - ’ќе излеам од Својот Дух на секое тело, и вашите синови и вашите ќерки ќе пророкуваат, и вашите младинци ќе гледаат виденија, а вашите старци ќе сонуваат соништа. Исто така, во тоа време, и на Своите слуги и на Своите слугинки ќе излеам од Мојот Дух и ќе пророкуваат. Ќе направам чудеса горе на небото, а знаци долу на земјата; крв и оган и пареа од дим. Сонцето ќе се претвори во темнина, и месечината во крв, пред да дојде великиот и славен Господов ден. И секој кој ќе го повика Господовото име, ќе се спаси.’“

Нам ни треба ВИЗИЈА. Секој верник, од најмалиот до најстариот, треба да дојде под влијание на Светиот Дух. Пророштвата треба да се исполнат на нас. Да гледаме на нашите ближни како на души кои можеме да ги задобиеме за Христа. Да гледаме на евангелските програми како на програми кои сигурно ќе успеат. Да гледаме со очите на вера во луѓето кои со нашиот труд ќе бидат со нас во Божјето царство.

Сатаната ќе направи сè за да ни ја помрачи визијата. Не плашете се! Бог ја води својата Црква и Тој сигурно ќе ја води до крајот. Да гледаме на целта поткрепени со нова визија!

Проширете го ова размислување со разговор во вашата класа.

*Сабота, 16 февруари 2019*

**„Така, многумина ќе дојдат... да го бараат Господа...“**

**„Господ над Војските зборува вака: ‘Уште ќе доаѓаат народи и жители на многу градови. Жителите на еден град ќе одат во друг, велејќи: ’Ајде да одиме да Го молиме Господовото лице и да Го бараме Господа над Воинствата! Ќе одам и јас!’ И ќе дојдат многу луѓе и силни народи ќе Го бараат Господа над Воинствата во Ерусалим и ќе го молат Господовото лице.’ Господ над Војските зборува вака: ‘Во тие денови десет луѓе од народите на сите јазици ќе фаќаат за скут еден Евреин, говорејќи: Ќе дојдеме со вас, чувме дека Господ е со вас’“ (Захарија 8,20-23).**

Вдахновениот извештај на Божјата реч вели дека Соломон изградил голем и убав храм во Ерусалим. Кога храмот бил готов, Соломон упатил на Бога молитва за посветување. Во таа молитва тој рекол дека оваа зграда што ја направил нема да биде место каде Бог ќе живее, зашто небото и сета вселена не можат да го опфатат а уште помалку домот што го изградил. Туку – продолжил Соломон – тоа ќе иде место на кое Божјото име ќе се спомнува, место од кое ќе му се упатуваат молитви на Бога. Кој и да дојде, дури и странецот што не припаѓа на израелскиот народ, и ако се помоли во тој дом, „Ти слушни од небото“ – рекол Соломон. Бог одговорил дека ја слушнал таа молитва и ја услишил.

Поминувале години и векови. Израелскиот народ го изневерил Бога. Домот на молитва повеќе не бил дом на молитва. Тие се оградиле од останатите народи. Бог им дозволил на Вавилонците да го разурнат тој дом. А по Вавилонското ропстово храмот повторно бил изграден. Тогаш Израелците го заградиле тој храм. Во тој храм странец не смеел да влезе. Ако го направел тоа, веднаш би бил убиен. Во Исусово време храмот бил сè друго само не место на молитва. Исус два пати го чистел истерувајќи ги трговците од предворјето на храмот. Седумдесет години по-

доцна Римјаните го разурнале храмот и од тој храм денес нема ниту камен на камен.

Меѓутоа, потребите на луѓето останале исти, ако не и многу поголеми. Бог ја подигнал својата Црква и Тој сака преку својата Црква да го реши проблемот на нашите ближни. Луѓето бараат помош на разни места, одат во разни светилишта, но помош на тие места тешко можат да добијат. Бог има своја Црква и место кадешто Неговиот народ се собира. Тоа место треба да биде место на молитва за сите народи. Ние го имаме Бога кој нѐ слуша и ги услишува нашите молитви.

Кога се молиме, не можеме ништо да загубиме, туку само можеме да добиеме. Таму каде што молитвата го добила своето вистинско место почнале да се случуваат и чуда. Ние не истакнуваме чуда, но кога работиме така, Бог ќе ги излее своите благослови на светот преку својата Црква.

**За разговор во класата:**

1. Како најдобро да ги организираме јавните молитви за пријателите во своите месни цркви?

Да ги срушиме сите ѕидови кои нѐ одвојуваат од нашите ближни. Да ја отвориме ширум вратата на нашиот молитвен дом за сите оние кои бараат помош!

*Сабота, 23 февруари 2019*

**„...подигнете ги своите очи и видете ги нивите...“**

**„Зар вие не велите: ’Уште четири месеци и жетвата ќе дојде!’ Еве, ви велам: ’подигнете ги своите очи и видете ги нивите како побелеле за жетва’“ (Јован 4,35).**

Оваа сабота би повторил пет реченици врзани за мисионската работа:

1. Постои налог за евангелска работа.

2. Жетвата е зрела и таа треба да биде постојан процес.

3. Мора да бидеме единствени во работата.

4. Мора да се вклучиме сите со своите дарови, затоа што силата на Црквата се наоѓа во различните дарови.

5. Времето е премногу сериозно и ние мора веста да ја објавиме брзо.

**Да разговараме во својата класа за следното:**

1. Како во мисионската работа да се склопува пријателство со луѓето?

Можеби со: љубезна насмевка, срдечно ракување, повик на ручек, позајмување книги, библиски часови, повик на евангелски програми...

2. Како тоа да стане стил на нашиот живот, а не кампањска работа?

3. Прегледајте ја листата со имиња на пријателите за кои во молитва се заземате пред Господа. Можеби некои од нив се зрели за жетва. Напишете ги имињата на новите пријатели.

4. Зборувајте за оние кои се крстени оваа или минатата година.

Што сте направиле за нив, за да останат во црквата и духовно да растат? Дали и тие се вклучиле во евангелската работа на црквата?

5. Кажете ги пред црквата новите искуства.

6. Зборувајте за новите пристапи и методи на евангелска работа.

*Сабота, 2 март 2019*

## Три фактори за успех

За да бидеме што пуспешни во работата за нашиот Господ, сакам оваа сабота во нашите класи да разговараме за три важни фактори во нашата евангелска работа од кои зависи успехот.

1. НАШИОТ ЖИВОТ ДА БИДЕ ЖИВОТ НА МОЛИТВА

„И така, исповедајте си ги гревовите еден на друг и молете се еден за друг, за да оздравите! Делотворната молитва на праведникот има голема сила“ (Јаков 5,16).

а) Зошто е важна молитвата во службата на евангелието?

б) Какви искуства на услишени молитви сме имале ?

в) Каква е улогата и важноста на малите молитвени групи?

2. ПРИЈАТЕЛИТЕ ДА СЕ ДОВЕДУВААТ ДО ОДЛУКА

„Меѓутоа, ако вам не ви е угодно да Му служите на Господа, тогаш денес изберете кому ќе му служите: можеби на боговите на кои им служеа вашите татковци од онаа страна на Реката, или на боговите на Аморејците во чија земја сега престојувате. Јас и мојот дом ќе Му служиме на Господа “ (Исус Навин 24,15).

а) Каква е разликата меѓу наговарање и доведување до одлука?

б) Како да се повика пријателот на одлука?

в) Како да се препознае вистинскиот момент? (Евреите 4,7)

3. ТАКТИЧНОСТ ВО РАБОТАТА

а) Последици на нетактичноста

б) Христовиот пример за тактичност (Јован 4 глава)

в) Принципот на тактичност во Марко 4, 28.29: „Земјата сама од себе донесува плод, најнапред стебло, после клас - потоа клас полн со зрна. 29 А кога плодот узрее, веднаш испраќа срп, зашто настанала жетва.“

Предлагам во црквата, ако има повеќе класи, во текот на разговорот во класите да не разговаат сите за еден ист предмет. Темите можат да се поделат така што едни ќе разговараат за еден предмет, а другите за друг. На крајот нека ги изнесат пред црквата своите заклучоци за да можат сите да се поучат.

*Сабота, 9 март 2019*

**„Туку кога правиш гозба, повикај ги...“**

**„Му рече и на оној, кој Го повика: ’Кога даваш ручек или вечера, не повикувај ги своите пријатели, ни твоите браќа, ни своите роднини, ниту богатите соседи, за да не те повикаат и тие и да ти биде вратено. Туку кога правиш гозба, повикај ги бедните, сакатите, хромите и слепите! И ќе бидеш блажен, зашто немаат со што да ти вратат! Ќе ти биде вратено при воскресението на праведниците’“ (Лука 14,12-14).**

Со овие зборови Исус ја повлекол линијата меѓу себичните намери и навиките на несебичната служба, за која самиот Тој дал совршен пример во својот живот.

За направената служба Тој не дава никакво овоземско признание ниту материјални добивки затоа што „ќе ти биде вратено при воскресението на праведниците“.

Секој Христов следбеник треба да биде одушевен и охрабрен од оваа мисла. Можеби некогаш ни се чини дека нашата работа за Бога е без награда, а можеби и без резултати. Можеби и од луѓето никој нема да ни оддаде признание за вложениот труд. И не само што нема да ни оддаде признание, туку ќе се обиде да ја смали вредноста на направеното дело. Не е едноставно и лесно да се соочиме со тоа. За тоа е потребна огромна љубов.

Но, Исус нè уверува дека Небото води сметка за сè што правиме, за сè што работиме и колку поднесуваме поради нашата

работа. И затоа ни дава ветување дека платата наша нема да пропадне.

Секој поттик на Светиот Дух, кој ги води луѓето кон побожност и кон Бога, се забележува во небесните книги. Секој оној кој не се штеди во службата за Бога, еден ден ќе биде награден и ќе му биде дозволено да го гледа она што не можел да го види, а се трудел и го постигнал на овој свет.

*Сабота, 16 март 2019*

## „Бог ме испрати кај вас...“

**„Затоа Бог ме испрати пред вас, за да ви биде запазен остатокот на земјата и да ви го спаси животот со големо избавување“ (1. Мојсеева 45,7).**

Бил многу млад кога Бог од него сакал да направи мисионер. Бил тежок и болен моментот кога браќата го продале. Духот на пророштвото ни кажува дека Јосиф гледал кон шаторите на својот татко од не толку голема оддалеченост и како таа сцена полека исчезнувала од неговиот вид. Мислел дека никогаш повеќе нема да ги види. Тогаш донел цврста одлука дека ќе остане верен на сè она што го научил татко му и дека ќе му биде верен на Бога на своите татковци.

Јосиф постепено се вклучувал во животот на Египет. Станал многу познат. Верноста и доследноста му помогнале да напредува. Меѓутоа, таа иста верност го довела и до голема неволја. Повторно станал роб – затвореник. Меѓутоа, и во затворот продолжил да го врши мисионското дело. Кога ги толкувал соновите на пехарникот и на пекарот, прво му дал слава на Бога: „Што значи сонот, зарем не е тоа од Бога?“ (1. Мојсеева 40,8). Подоцна, кога станал премиер на египетското царство, посведочил за Бога. Фараонот знаел дека Јосиф, како Евреин, не може да стане влијателен, затоа му го променил името и го оженил со

девојка од познато египетско семејство, со ќерката на свештеникот на Богот на сонцето. Положбата, угледот и богатството не го спречиле Јосифа да му остане верен на Бога. Кога и да му се укажела прилика, тој бил верен Божји сведок.

Сакам Јосиф да го истакнам како пример. Можеби и нас околностите и приликите во животот нè довеле на такви места на кои луѓето малку знаат за Бога. Со својот верен став и доследно држење кон она што го учи Библијата, треба да бидеме Божји мисионери.

Неколку карактеристики на Јосифовиот живот треба да ни посведочат колку силно влијание Бог може да изврши преку оние кои му се верни. Јосифовата верност, љубезност и понизност му овозможиле да биде ненаметлив сведок за Христа.

Духот на пророштвото вели: „Кога би се понизиле пред Бога и кога би станале пољубезни, поучтиви, понежни и пожалозливи и сочувствителни, тогаш стотици луѓе би се обратувале, таму кадешто сега се обраќа само еден човек“ (1Т, СТР. 189).

Каде и да се наоѓаме, ние треба да сведочиме со својот живот и да останеме верни на начелата за кои сме се заветувале дека ќе ги следиме.

*Сабота, 23 март 2019*

## Мудар е тој што придобива души

**„Праведниковиот плод е дрво на животот, а мудрец е, кој придобива души“ (Мудри изреки 11,30)**

„Мнозина го читаат Светото писмо, но не го сфаќаат неговото вистинско значење и неговата смисла. Во цел свет луѓето копнежливо го насочуваат погледот кон Небото. Молитви, солзи и прашања се издигнуваат од душите кои копнеат за светлина, за Светиот Дух и за Божјата милост. Мнозина се наоѓаат на

прагот на небесното царство, чекајќи да бидат воведени“ (Делата на апостолите, стр. 109).

Да запазиме неколку моменти од овој цитат:

1. Мнозина го читаат Светото писмо, но не го сфаќаат.

2. Луѓето копнежливо го насочуваат погледот кон Небото, но не знаат како да дојдат до него.

3. Мнозина се наоѓаат на прагот на небесното царство (но не влегуваат).

4. Луѓето сакаат светлина и со солзи ја бараат.

Водачот на мисионството нека ги запише овие точки на таблата, а потоа нека ги повика верниците по класи да разговараат за следното:

а) Како да им се помогне на оние кои читаат, а не ја разбираат Библијата?

б) Како и каде да ги пронајдеме тие души?

в) Кој ќе ги поведе од прагот на царството и ќе ги внесе внатре?

г) Дали треба и ние да се поучуваме на основните вистини на Библијата? Дали во врска со тоа ни е потребна постојана обука?

По завршениот разговор водачот на мисионското одделение нека ги повика претставниците на класите да ги изнесат своите заклучоци. Завршете со неколку молитви.

*Сабота, 30 март 2019*

## „А кога Исус ја виде нивната вера...“

Ова е последна сабота во ова тримесечје. Сега зад нас се наоѓаат осумдесет и осум дена од оваа година. Верувам дека во овој период стекнавте нови искуства во евангелската работа.

Верувам дека веќе имаме и видни резултати на нашите напори и Господовата сила. Верувам дека и во вашата месна црква имавте крштевање изминатите саботи и дека можеби ќе имате и денес. Господ нека ги благослови оние кои направиле завет со Господа, а и оние кои тоа ќе го направат денес. Со тоа тие се приклучуваат на Божјиот народ! А оние што веќе сториле завет со Господа пред можеби една година, три години, дваесет години, можат својот завет денеска да го обноват.

Ова саботно утро посебно сакам да ги охрабрам оние кои со својата работа, со држење библиски часови, со литература и оо молитва придонеле за благословите на оние кои биле доведени кај Господа.

Во Евангелието според Матеј 9,1.2 стои забележан извештајот кој вели: „И ете, Му донесоа фатен, кој лежеше на постела. А кога Исус ја виде нивната вера, му рече на фатениот: 'Охрабри се, синко. Ти се простуваат твоите гревови.'“

Да се задржиме на делот на стихот кој гласи: „А кога Исус ја виде нивната вера...“ На овој болен и грешен човек му била потребна помош. Тој слушнал за Исуса, но бил неподвижен. Неговите пријатели го донеле кај Исуса. Тие верувале дека Исус ќе го излечи, иако знаеле дека човекот бил голем грешник. Исус ја видел нивната вера и му помогнал на овој јадосан пријател. Тој станал не само здрав туку и обратен човек.

Оние кои минатата сабота или можеби денес сториле завет со Господа, донесени се со рацете на верата, со молитви и со проучување на нивните пријатели, а тоа сте вие браќа и сестри! Сега вие, како и оние пријатели на парализираниот човек, имате радост во Господа гледајќи го прекрасното дело на вашата вера, пожртвуваност и залагање.

Ве повикувам вас, драги браќа и сестри, да не жалите ни труд ни време за нашиот Господ. Бог нека даде да се сретнеме на Стакленото море со оние кои сме ги носеле со рацете на верата кај нашиот Господ!

ГРАДИВО 1/2019

**Мисионски стихови**

**-** Евангелски активности
на верниците

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Превод и
техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Коригирал:**
Томе Трајков

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**